Макпромет АД Штип
0201-102
03.02.2017

Собрание на акционери

Врз основа на одредбите член 517, 518 став 4 и 383 став 1 точка 9 и 10 од Законот за трговски друштва и член 30 од Статутот на Макпромет АД Штип, Собранието на акционери на Макпромет АД Штип на собранието на акционери одржано на ден 03.02.2017 година ја донесе следната :

# О Д Л У К А
## за присоединување на друштво со ограничена одговорност

Член 1

Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип , со БДС 5224969, со ЕДБ 4029998114171 со седиште на ул. Др Слободан Јовановски бр. 3 Штип, **е согласно** да Друштво за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДОО извоз увоз Штип, со БДС 5856060 и ЕДБ 4002004161014, со седиште на ул. Индустриска Зона Македонка бр. 58 Штип, се присоедини кон ЕВРОПА ДООЕЛ Штип , во постапка и под услови во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва.

Член 2

Со присоединувањето на Друштво за прпоектирање , производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДОО извоз увоз Штип ќе се изврши универзален пренос на целокупниот имот на друштвото кој се состои од имот евидентиран во книговодствена евиденција прилог кон одлуката ) како и на сите права и обврски кои друштвото има оставрено до денот на донесување на одлуката , како и сите оние кои ќе ги оставри до денот на присоединувањето , имотот , правата и обврските кои ќе настанат заклучно со денот на целосно исполнување на условите за присоединување кон ЕВРОПА ДООЕЛ Штип.

Член 3

Цел на присоединувањето на Друштво за проектирање , производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДОО извоз увоз Штип кон Дрштво за производство и продажба на кондиторски производи , е да се пренесе целокупниот имот односно : активата , пасивата и основачкиот капитал ( влог).

Присоединувањето се врши поради концентрација и централизација на капиталот, зголемување на профитот , поквалитетно и организирано настапување во правниот промет , намалување на трошоците на работењето и поефикасно извршување на основната дејност, што подразбира

организација на процесот на производство, подобро искористување на средствата за работа , подобро искористување на работната сила и слично.

Член 4

Вредноста на активата на Друштво за проектирање , производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДОО извоз увоз Штип ( друштвото што ќе се присоедини ) ќе биде искажана согласно податоците искажани во завршна сметка со состојба на денот на присоединувањето.

Член 5

По спроведувањето на постапката за присоединување и уписот на присоединување во Централен регистар ќе запрат деловните активности на Друштво за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДОО извоз увоз Штип

Член 6

Вработените во Друштво за проектирање , производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДОО извоз увоз Штип ќе ги задржат истите права и обврски од работен однос и истите ќе се пренесат кај превземачот како нов работодавач.

Член 7

Се овластува Управителот на Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип, да ги превземе сите активности, согласно ЗТД, за спроведување на постапката за присоединување и да склучи и завери Спогодба за присоединување во форма на Нотарски акт.

Член 8

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Макпромет АД Штип
Собрание на акционери
Претседавач
Биљана Мијалова Штерјова